Врз согласност со чл.385,387,388,388-а од Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/2004;бр.25/2007;бр.42/2010;бр.61/16) и чл.25 од Статутот на Акционерското друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук Фруктал Мак -Скопје, ул.5 бр.41, с.Морани, Управниот одбор објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за свикување на седница на собрание на ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ

Се известуваат акционерите на друштвото дека седницата на собранието ќе се одржи на ден 29.03.2022 година со почеток во 11,00 часот, во просториите на Фруктал мак АД Скопје, со седиште во с.Морани, ул.5 бр.41, Скопје.

За собранието на Акционерското друштво се предлага следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел:**

1.Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;

2.Утврдување на кворум за работа;

3.Избор на Претседавач на Собранието;

**Работен дел:**

4.Усвојување на записникот од собранието на Акционери одржано на ден 03.12.2021 година;

5. Отповикување на член на Надзорен одбор и Избор на член на Надзорен одбор;

Акционерите треба да го пријават своето учество на собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание со писмена пријава за учество во седиштето на друштвото

Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието со полномошно дадено во писмена форма и заверено на нотар.

Акционер може да овласти свој полномошник и со полномошно дадено во писмена форма кое не е заверено на нотар ,при што акционерот кој го издал полномошното

треба веднаш писмено да го извести друштвото за даденото полномошно кое треба да биде приложено кон пријавата за учество.Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Ако полномошното не содржи ограничувања или налог полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој го дал полномошното.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Акционерите кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да предложат дополнување на дневниот ред со вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собрание кое е веќе свикано, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка или ако предложат одлука по предложената точка, како и да предлагаат одлуки и да поставуваат прашања до друштвото за точките на дневниот ред

Барањето за вклучување точки во дневниот ред на собранието кое што е свикано, предлагањето одлуки и поставувањето прашања се доставува до свикувачот на собранието во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.

Увид во материјалите од дневниот ред акционерите можат да извршат 15 дена пред одржувањето на собранието, во просториите на друштвото во Скопје, с.Моране, од 08,00-16,00 часот како и на интернет страната на друштвото www.fructal.com.mk. на која се објавени и сите информации согласно чл.388-б од Законот за трговски друштва.

**Претседател на управен одбор**

**Зоран Ѓуриќ**

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје,Собранието на акционери на седницата одржана на ден 29.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за усвојување на записникот од седницата на собранието на акционери на ФРУКТАЛ МАК АД Скоје

чл.1

Се усвојува записникот од седницата на собранието на акционери на АД ФРУКТАЛ МАК Скопје одржана на ден 03.12.2021 година.

чл.2

Записникот од седницата на Собранието на Акционери на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје одржана на ден 03.12.2021 година е составен дел на оваа одлука.

чл.3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,

Претседавач:

_______________________

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје,Собранието на акционери на седницата одржана на ден 23.03.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за отповикување на член на Надзорен одбор и за избор на член на Надзорен одбор

чл.1

Се отповикува членот на Надзорен одбор МИЛОВАН РАНКОВИЌ од Република Србија, ул.Шушеока бр.бб Мионица, ембг 008309206

чл.2

За член на Надзорен одбор за избира лицето БОЈАН ОРО од Република Србија , Белград, ул.Каплара Момчила Гавриќа 008 со пасош број 013868819 издаден од МВР на Р.Србија , Белград.

чл.3

Лицето Бојан Оро за член на Надзорниот одбор на Фруктал Мак АД Скопје се избира за мандат во траење од 4 (четири) години.

член 4

Членот на Надзорниот одбор ќе ги врши своите надлежности утврдени со Закон и Статутот на друштвото.

член 5

Се овластува лицето Зоран Ѓуриќ -претседател на Управниот одбор на Фруктал Мак АД Скопједа поднесе пријава за бришење на уписот на членот на Надзорен одбор Милован Ранковиќ од Мионица, Република Србија и за упис на Бојан Оро од Белград, република Србија за член на Надзорен одбор на Фруктал Мак АД Скопје, во Централниот регистар на РМ.

член 6

Оваа одлука стапува во сила на денот на донесувањето.

собрание на акционери:
Претседавач _______________

**Согласно чл.344 од Законот за трговски друштва ФРУКТАЛ МАК АД Скопје, со седиште во с.Морани, ул.5 бр.41, ги објавува следните :**

**Податоци за предложениот кандидат за член на Надзорен одбор на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје:**

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ: БОЈАН ОРО

ДАТУМ И МЕСТО НА РАЃАЊЕ : 28.03.1984 во НОВИ САД, РЕПУБЛИКА СРБИЈА

ОБРАЗОВАНИЕ: МАГИСТЕР ПО ЕКОНОМИЈА

РАБОТНО ИСКУСТВО: 15 ГОДИНИ.

- Од 2007 до 2011 година вработен во Опел Германија и Делфи Францја
- Од 2011 до 2014 година вработен во Монделез на следните работни места: Аналитичар за финансиско планирање и анализа, Аналитичар на систем за продажба и клучни индикатори на учинок и Експерт за интерна контрола, организациона структура
- Од 2014 до 2021 година вработен во Пепси Цо Белград на следните работни места:Менаџер за управување со приходите за Западен Балкан, Управување со приходи и комерцијален планер за Западен Балкан, Менаџер за стратегија на приходи за Западен Балкан и Менаџер за комерцијални финансии за Јужна и Централна Европа и Балкан
- Од 2021 година вработен во Нектар Србија како Финансиски директор

ЧЛЕН НА ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ: НЕ

ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР: НЕ

БРОЈ НА АКЦИИ ВО ДРУШТВОТО: НЕМА

БРОЈ НА АКЦИИ ВО ДРУГО ДРУШТВА: НЕМА

ОБВРСКИ И ЗАЕМИ СПРЕМА ДРУШТВОТО: НЕМА

Скопје,25.02.2022 година

# Акционерска книга

на ден 02.12.2021

| | |
|---|---|
| **ISIN:** | MKKONZ101014 |
| **Стар код за хартии од вредност(ISIN)** | 4808240ОБД01 |
| **Датум на промена на ИСИН:** | 01.01.2004 |
| **Назив на емисијата:** | ФРУКТАЛ МАК ОБИЧНИ |
| **Издавач:** | ФРУКТАЛ МАК АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕРАБОТКА И КОНЗЕРВИРАЊЕ НА ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК |
| **ИБ на правно лице:** | 04808240 |
| **Вид:** | Обични акции |
| **Номинална вредност по ХВ:** | 5.11 EUR |
| **Вкупен број на ХВ:** | 1724530 |
| **Вкупен номинален капитал:** | 8812348.3 EUR |
| **Број на гласови:** | 1724530 |
| **Состојба:** | Активен |
| **Број на иматели:** | 226 |
| **Број на сопственички позиции:** | 226 |
| **Права на емисијата:** | |